# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗЕЛС
## за период од 01.01-31.12.2025 година

Скопје, април 2026 година

**Состојба на средствата и обврските на ден 31-12-2025 година**

| **СРЕДСТВА** | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Градежни објекти, опрема , возила | 62.035.212,00 | 59.828.226,00 |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од купувачи | 37.999.561,00 | 28.234.768,00 |
| Други побарувања | 35,00 | 0,00 |
| Побарувања за повеќе платени даноци | 514,439,00 | 1,00 |
| Останати средства и АВР | 4,408,00 | 0,00 |
| Парични средства | 88.367.510,00 | 75.183.707,00 |
| Останати вложувања | 9.230.000,00 | 9.230.000,00 |
| Материјали на залиха | 0,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **198.151.165,00** | **172.476.702,00** |

| **ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | | |
|---|---|---|
| Деловен фонд | 62.035.212,00 | 59.828.226,00 |
| Нераспределен дел од вишокот на приходите – добивката | 84.307.992,00 | 84.307.992,00 |
| Нето добивка | 14.593.135,00 | 0,00 |
| Тековни обврски | | |
| Обврски кон добавувачи | 1.160.483,00 | 813.122,00 |
| Други краткорочни обврски | 145.627,00 | 76.399,00 |
| ПВР | 35.908.716,00 | 27.450.963,00 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | **198.151.165,00** | **172.476.702,00** |

**Биланс на приходи и расходи за период од 01-01 до 31-12-2025 година**

| **А. ПРИХОДИ** | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Приходи од членарина , Закуп и услуги | 39.858.871,00 | 19.680.205,00 |
| Приходи од проекти | 4.558.075,00 | 3.701.764,00 |
| Приходи од камати и курсни разлики | 468.796,00 | 525.859,00 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 0,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 44.885.742,00 | 23.907.828,00 |

| **Б. РАСХОДИ** | | |
|---|---|---|
| Материјални расходи , енергија и услуги | 8.771.040,00 | 9.609.140,00 |
| Трошоци за собрание, конференции, Семинари и обуки | 1.545.641,00 | 1.269.152,00 |
| Трошоци за дизајн , печатење | 0,00 | 643.968,00 |
| Трошоци за интелектуални услуги, Надокнада за елеборати, ревизори, Експерти, нотарски услуги | 203.857,00 | 315.173,00 |
| Трошоци за меѓународна соработка , членување во меѓународни организации, | 956.748,00 | 748.632,00 |
| Набавка на опрема | 514.361,00 | 461.181,00 |
| Трошоци за вработени | 17.027.772,00 | 14.716.149,00 |
| Даноци кои независат од резултатот, Негативни курсни разлики , | 1.127.671,00 | 628.254,00 |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | 30.147.090,00 | 28.391.649,00 |
| **Остварен вишок на приходи** | 14.738.652,00 | 0,00 |
| **Непокриени расходи** | 0,00 | 4.483.821,00 |

Финансиските извештаи се составени во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за сметководството на непрофитните организации, Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации.

**Основни средства**

Основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност, а се ревалоризираат со пропишаниот коефициент на пораст на цените на индустриските производи. Ревалоризацијата на материјалните и нематеријалните средства , односно нивната набавна вредност и исправката на вредноста, во 2025 година е извршена со коефициентот на ревалоризација кој изнесува 0,050, а новонабавените основни средства во текот на годината, се ревалоризирани со месечниот позитивен коефициентот .

Амортизацијата се пресметува по стапки пропишани со закон , за секое поединечно основно средство. Законски пресметаната амортизација во 2025 година изнесува 1.245.702,00 денари. Сегашната вредност на основните средства на 31 декември 2025 година изнесува 62.035.212,00 денари.

Вредноста на постојаните средстава во 2025 година е зголемена за 3,69% во однос на 2024 година . Зголемувањето на вредноста на основните средства е резултат на ефектот на ревалозирација кај основните средства. Ефектот на ревалоризација изнесува 2.938.327,00.

Со Одлука број 02-55/1 на предлог на пописна комисија, е исвршено расходување на основни средства кои не се во функција, во износ од 4.287.461,00 денари.

Во 2025 година, набавени се средства во износ од 514.361,00 денари.

**Тековни средства**

**Побарувања од купувачи**

Билансната позиција побарувања од купувачи, опфаќа побарување по основ на ненаплатена членарина, како и други побарувања од општините и истата изнесува 37.999.561,00 денари. Побарувањата по основ на членарина за тековната 2025 година, како и за изминатите години, изнесуваат 20.174.372,00 денари. Дел од овие побарувања во износ од 3.626.377,00 денари или 17.97% се побарувања кои се отплатуваат на рати, а врз основа на потпишани спогодби за отплата на заостанатиот долг на рати. Во изминатата 2025 година не се потпишани нови спогодби за отплата на заостанатиот долг на рати.

На генерално собрание на ЗЕЛС одржано на 12 декември 2024 година, донесена е одлука за надомест за користење на информациските системи со кои управува ЗЕЛС заради нивно тековно одржување и надградување. Побарувањата по овој основ во 2025 година изнесуваат 16.349.572,00 денари.

Побарувањата по основ одржана обука и полагање на испит за стекнување на овластување за градежно земјиште во 2025 година изнесува 869.247,00 денари.

Побарувањата од закуп на деловен простор, заклучно со 31 декември 2025 година изнесуваат 77.293,00 денари и истите произлегуваат од договорот за закуп на деловен простор.

**Парични средства**

Паричните средства вклучуваат готовина во благајна и парични средства на сметките во комерцијалните банки. Паричните средства во странска валута се искажуваат по курс на Народна банка на денот на билансирањето .

Трансакциите направени во странски средства за плаќање , се пресметуваат во денари на денот на настанот. Курсните разлики настанати во текот на годината се искажуваат во билансот на успех како приходи и расходи .

**Останати вложувања**

Краткорочните финансиски вложувања се состојат од орочен денарски депозит во домашни комерцијални банки во износ од 9.230.000,00 денари.

**Извори на средства**

Обврските спрема добавувачи изнесуваат 1.160.483,00 денари. Сите овие обврски се платени во текот на јануари 2026, со исклучок на обврската во износ од 4.408,00 денари која беше платена во февруари 2026 година.

На билансната позиција други краткорочни обврски е евидентирана обврската по годишен данок на вкупен приход на непрофитни организации во износ од 145.517,00 денари.

Пасивните временски разграничувања претставуваат одложени приходи како резултат на настанатите побарувања по основ на членарина, закупнина и други побарувања по основ на обуки за градежно земјиште и користење на системите на ЗЕЛС , кои не се наплатени до 30 јануари 2026 година и истите изнесуваат 35.908.716,00 денари.

Деловниот фонд е траен извор на средствата и соодветствува со износот на основните средства.

Вишокот на непотрошените средства од изминатите години, а кои се наменети за извршување на активностите согласно стратешкиот план за ЗЕЛС, се евидентирани на билансната позиција нераспределен дел од вишокот на приходите и истите изнесуваат 84.307.992,00 денари.

**Приходи и расходи**

**Приходи**

Признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации и здруженија се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени. Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени значи приходите да се признаваат во пресметковниот период според критериумот на мерливост и расположивост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно, а се расположливи ако се остварени во пресметковниот период или 30 дена по истекот, но се однесуваат на пресметковниот период и служат за покривање на трошоците од тој пресметковен период. Според ова начело расходите се признаваат во пресметковниот период или 30 дена по истекот, под услов обврската за плаќање да настанала во тој период.

Во периодот од 01.01-31.12.2025 година ЗЕЛС го оствари следниот финансиски резултат :

| | |
|---|---|
| 1. Остварени приходи | 44.885.742,00 |
| 2. Остварени расходи | 30.147.090,00 |
| 3. Остварен вишок на приходи | 14.738.652,00 |
| 4. Непокриени расходи | 0,00 |

Во 2025 година, ЗЕЛС оствари вкупен приход во износ од 44.885.742,00 денари, што претставува значително зголемување од 87,84% во споредба со 2024 година.

ЗЕЛС своите активности ги финансира од членарина , сопствени приходи и приходи од проекти, а од 2025 година и од приходи од услуги за користење на информациски системи. Приходите по основ на членарина се наплаќаат од општините, а се пресметуваат врз основа на Одлука за утврдување на износот и методологијата за пресметка на годишната членарина, во согласност на бројот на жители по општини. Членарината во 2025 година, исто како и во 2024 година е пресметана по одлука за утврдување на износот на членарина според која членарината се пресметува во висина од 10,00 денари по жител.

Приходите од извршени услуги се однесуваат на приходи од закупнини, кои се стекнати со давање под закуп на дел од сопствените простории, приходи од други услуги, како и приходи кои се остварени од спроведени обуки за градежно земјиште за претставниците на општинската администрација.

На крај на месец март 2025 година, за прв пат се издадоа фактури на општините за користење на информациските системи. Надоместокот е пресметан врз основа на Одлука за утврдување на висината на надомест за користење на информациските системи со кои управува ЗЕЛС заради обезбедување на нивна стабилност и одржливост донесена на Генерално собрание на ЗЕЛС одржано во декември 2024 година. Согласно оваа одлука, надоместокот изнесува 20,00 денари по жител, а доколку е платена членарина заклучно со претходната година, во тој случај надоместокот инесува 10,00 денари по жител.

Во текот на месец декември 2025 година, по објавен јавен повик, се спроведе почетна обука за стекнување со овластување за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија. Надоместокот за обуката е пресметан согласно Одлуката за утврдување на надоместоците за посета на обука и полагање на испит за стекнување со овластување за водење на постапки согласно со Законот за градежно земјиште.

Приходите од проекти се наменски средства за однапред договорени активности .

Активностите на ЗЕЛС кои се одвиваа во текот на 2025 година, се финансирани од следниве извори:

- членарини од општините,
- приходи од извршени услуги,
- приходи од услуги за користење на информациските системи
- приходи од проекти

Приходите од членарина во 2025 година изнесуваат 24.149.669,00 денари. Вкупниот износ на наплатена членарина во 2025 година е поголем од наплатената членарина во 2024 година за 31,44%, што се должи на напорите на ЗЕЛС за зголемување на наплатата. Наплатената членарина која се однесува за тековната 2025 година изнесува 12.899.694,00 денари и има зголемување од 14,03% во однос на минатата година. ЗЕЛС и понатаму продолжува со активностите за зголемување на наплатата на заостанатиот долг по основ на членарина преку дадената можност за плаќање на заостанатиот долг на рати.

Приходите од извршени услуги по основ на надоместок за користење на информациски системи, како и издавање под закуп на деловен простор, наплатени во 2025 година, изнесуваат 15.574.192,00 денари. Дел од овие приходи во износ од 420.039,00 денари или 2,70%, се по основ на закуп на деловен простор, наплатени во 2025 година.

Надоместокот за посета на обука за стекнување со овластување за водење на постапки, согласно со Законот за градежно земјиште, наплатен во 2025 изнесува 488.430,00 денари.

Приходот од курсни разлики во 2025 година изнесува 431.876,00 денари. Нето ефектот на курсни разлики во 2025 година е негативен.

Во 2025 година ЗЕЛС оствари приходи во износ од 155.170,00 денари врз основа на Уредба за тековно одржување на софтверска апликација, што е зголемување од 9,04 % во споредба со мината година.

**ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ**
**Структура на приходите остварени во 2025 година**

| Приходи според извори | денари | Учество во вкупни приходи во % |
|---|---|---|
| Приходи од членарина | 24.149.669,00 | 53,80 |
| Приходи од проекти | 4.558.075,00 | 10,15 |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 623.966,00 | 1,39 |
| Приходи од извршени услуги | 15.554.032,00 | 34,65 |
| **Вкупно** | **44.885.742,00** | **100,00** |



Приходите добиени во рамките на проектите се наменски средства добиени за однапред договорени активности кои вработените во ЗЕЛС, заедно со своите членки, успешно ги реализираа и во изминатава година.

Во 2025 година, заради извршување на договорените проектни активности, евидентирани се следните приходи:

**ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ОД ПРОЕКТИ ВО 2025 ГОДИНА**

| ПРОЕКТ | денари | Учество во вкупни приходи во % |
|---|---|---|
| УНДП- Проект Зајакнување на општинските совети - фаза 2 | 664.200,00 | 14,57 |
| СОРИ 3 - Регионална соработка за подобра социјална вклученост на локалано ниво | 146.168,00 | 3,21 |
| ГИЗ - Создавање услови за справување со климатските промени преку стимулирање на спроведувањето на мерките за ЕЕ/ОИЕ на локално ниво | 849.557,00 | 18,64 |
| ГИЗ - Зајакнување на капацитетите на ЗЕЛС и воведување на локално интегриран систем за управување со води | 2.877.990,00 | 63,14 |
| Кожувчанка Доо Кавадарци | 20.160,00 | 0,44 |
| **Вкупно** | **4.558.075,00** | **100,00** |



Проектот Зајакнување на општинските совети, започна да се реализира во октомври 2016 година. Целта на проектот е преку одржување на средби и тематски работилници со општинските советници , да се зголеми ефикасноста на општинските совети во нивната улога на надзор, со што би се зголемила ефикасноста во исполнувањето на потребите на граѓаните. Проектот е поддржан од УНДП - Канцеларија во Скопје, со времетраењето на проектот до јуни 2020 година. Проектот е продолжен со анекс договор во мај 2020 година. Во месец август 2022 година склучен е нов договор за проектот Зајакнување на општинските совети Фаза 2. Овој проект продолжува и во текот на 2025 година.

Проектот Регионална соработка за подобра социјална вклученост на локлано ниво – СОРИ 3 е имплементиран од ЗЕЛС и Налас- Мрежа на асоцијации на локалните власти во Југоисточна Европа, во соработка со Германската агенција за меѓународен развој - ГИЗ. Целта на проектот е да ги поддржи локалните самоуправи и нивните здруженија во Србија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Косово и Албанија во зајакнувањето на социјалното и економското вклучување на ранливите групи во согласност со сеопфатниот принцип на Агендата 2030 година. Периодот на имплементација на проектот е од 01 јануари 2023 година до 31 јули 2025 година, а вкупниот буџет изнесува 26.027,00 евра.

Целта на проектот "Зајакнување на капацитетите на ЗЕЛС и воведување на локално интегриран систем за управување со води" е да се подобри квалитетот на животот на локалните заедници преку помагање на ЕЛС во обезбедување чиста и безбедна вода за пиење, како и ефикасни санитарни услуги. Периодот на имплементација на проектот е од 01 јули 2024 година до 30 јуни 2026 година, а вкупниот буџет изнесува 99.995,58 евра.

Целта на проектот "Создавање услови за справување со климатските промени преку стимулирање на спроведувањето на мерките за ЕЕ/ОИЕ на локално ниво" е да се насочи дефинирањето на мерките за транзиција на енергија во рамките на локалните/општинските плански документи и да се истражат условите за проактивно вклучување на општините во отпорноста на климатските промени. Периодот на имплементсција на проектот е од 15 мај 2024 година до 14 јануари 2025 година, а вкупниот буџет изнесува 19.998,44 евра.

Во 2025 година продолжи соработката помеѓу ЗЕЛС и Кожувчанка Доо Кавадарци преку имплементација на договорот за поддршка на активностите на ЗЕЛС со донирање на добра од сопственото производство на Кожувчанка Доо Кавадарци. Вредноста на донацијата изразена во денари, изнесува 145.128,00 денари, согласно потпишаниот договор од 5 мај 2019 година, кој сеуште трае.

**Расходи**

Расходите во 2025 година изнесуваат 30.147.090,00 денари. И покрај економичното трошење на средствата, вкупните расходи се зголемени за 6,18% или се за 1.755.441,00 денари поголеми во споредба со минатата година.

Структурата на трошоците во 2025 година, како и графичкиот приказ се следните:

| | денари | Учество во вкупни расходи во % |
|---|---|---|
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 82.894,00 | 0,27 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 862.504,00 | 2,86 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет услуги | 535.887,00 | 1,78 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 7.008.983,00 | 23,25 |
| Услуги за превоз | 40.096,00 | 0,13 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | | 0,00 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 65.567,00 | 0,22 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 1.545.641,00 | 5,13 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 123.130,00 | 0,41 |
| Банкарски трошоци | 51.979,00 | 0,17 |
| Интелектуални услуги (надокнада за експерти, услуги за ревизија,) | 203.857,00 | 0,68 |
| Трошоци за меѓународна соработка (членарина , котизација ) | 615.487,00 | 2,04 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 341.261,00 | 1,13 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 17.027.772,00 | 56,48 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема | 514.361,00 | 1,71 |
| Негативни курсни разлики, вратени средства од проект | 1.127.671,00 | 3,74 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 30.147.090,00 | 100,00 |




Трошоците за материјали, енергија и услуги, се направени за нормално извршување на активностите предвидени со акцискиот план на ЗЕЛС за 2025 година. Овие трошоци изнесуваат 8.771.040,00 денари. Во однос на 2024 година овие трошоци се намалени за 8,72%. Нивното учество во вкупните трошоци е намалено и изнесува 29,09%. Во рамките на оваа група на трошоци, значително намалување во однос на минатата година, бележат трошоците за енергија, телефон и интернет, трошоците за огласи и објави како и за регистрација на возила и премии за осигурување.

Вкупните средства кои ЗЕЛС во 2025 година ги издвои за тековно одржување на софтверите за електронско издавање на одобренија за градба, услуги за одржување на инфраструктурата на клауд системот, тековно одржување на софтвер за градежно земјиште, услугите за тековно одржување и надградба на веб страните за е-ствари и родово одговорно буџетирање, како и трошоците за извршени сервиси и поправки на средствата, изнесуваат 7.008.983,00 денари. Овие трошоци се помали за 6.27% во однос на минатата година, како резултат на пониската цена добиена на тендер за услугите за одржување на клауд системот.

Трошоците за организирање на Годишно собрание на ЗЕЛС, за одржани конференции, семинари и обуки, во 2025 година изнесуваат 1.545.641,00 денари. Овие трошоци се зголемени во споредба со 2024 година за 21,79%, пред се заради повеќе организирани настани.

Трошоците за интелектуални услуги во 2025 година изнесуваат 203.857,00 денари и во однос на 2024 година се намалени за приближно 50%. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоци за лекторирање, како и трошоците направени за изготвување на ревизорски извештај.

Трошоците за меѓународна соработка опфаќаат трошоци околу членувањето на ЗЕЛС во меѓународни здруженија, како и трошоци за службени патувања во странство, заради учество на меѓународни конференции и за хотелско сместување и дневници за службен пат. Трошоците за меѓународна соработка, што претставуваат членување во меѓународни здруженија, изнесуваат 615.487,00 денари. Трошоците за дневници за службен пат изнесуваат 28.685,00 денари, додека трошоците за превоз и хотелско сместување изнесуваат 90.792,00 денари. Трошоците за авио билети за учество на настан во Брисел на кој присуствуваа и градоначалници на општини, изнесуват 259.410,00 денари.

За потребите на администрацијата на ЗЕЛС во текот на 2025 година набавени се основни средства во износ од 514.361,00 денари и тоа - Notebook lenovo LOQ Gaming i7-14700HX/32GB/1TB/RTX50608GB/15,6" IPS 144Hz G-Sync, Windows 11 Pro 64-bit OEM DVD FQC-10529, Dig Camera Nikon Z5 + Nikkor Z 24-50 mm f/4-6,3, Camera Logitech Rally Plus Ultra HD ConferenceCam, Lenovo ThinkBook 16 G7 ARP Arctic Grey P7/16G/512G , Windows Pro 11 64 bit ENG DSP OEI, 21MNW001MRM Lenovo ThinkBook 16 G7 ARP Arctic Grey - R7 7735HS, 16 GB,512GB NVMe, 16", DOS, Windows 11 PRO.

Негативните курсни разлики во 2025 година изнесуваат 939.296,00 денари, а вратени средства од проект изнесуваат 188.375,00 денари. Овие трошоци заедно претставуваат 3,74% од вкупните расходи.

**Вработени и бруто плати**

Според состојбата на крајот на месецот, просечниот месечен број на вработени во ЗЕЛС во 2025 година, изнесува 14 лица.

Во анализираниот период вкупниот износ на бруто плати на вработените, надоместоци и други лични примања, изнесува 17.027.772,00 денари. Износот на бруто плата, обезбеден од средствата добиени за реализирање на проектни активности, изнесува 2.124.397,00 денари и тоа:

| | |
|---|---|
| Проект СОРИ 3 | 3,89% |
| Проект Енергетска ефикасност | 2,53% |
| Проект за води | 6,05% |

| ПРИХОДИ | Планирано во 2025 година | Реализирано во 2025 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Приходи од членарина | 20.337.680,00 | 24.149.669,00 | 118,74 |
| Приходи од проекти | 7.441.500,00 | 4.558.075,00 | 61,25 |
| Приходи од извршени услуги | 12.190.820,00 | 15.554.032,00 | 127,59 |
| Приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 280.000,00 | 623.966,00 | 222,85 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **40.250.000,00** | **44.885.742,00** | **111,52** |
| РАСХОДИ | Планирано во 2025 година | Реализирано во 2025 година | % |
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 600.000,00 | 82.894,00 | 13,82 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 1.500.000,00 | 862.504,00 | 57,50 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет | 1.020.000,00 | 535.887,00 | 52,54 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 9.500.000,00 | 7.008.983,00 | 73,78 |
| Услуги за превоз | 110.000,00 | 40.096,00 | 36,45 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 30.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 600.000,00 | 65.567,00 | 10,93 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 3.050.000,00 | 1.545.641,00 | 50,68 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 300.000,00 | 123.130,00 | 41,04 |
| Банкарски  трошоци | 150.000,00 | 51.979,00 | 34,65 |
| Интелектуални услуги (надокнада за експерти, услуги за ревизија) | 1.150.000,00 | 203.857,00 | 17,73 |
| Трошоци за меѓународна соработка, трошоци за службен пат (трошои за ноќевање, патни сметки, авио билети) | 2.100.000,00 | 956.748,00 | 45,56 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 18.500.000,00 | 17.027.772,00 | 92,04 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации, друга техничка опрема | 1.640.000,00 | 514.361,00 | 33,28 |
| Негативни курсни разлики, вратени средства од проекти | 0,00 | 1.127.671,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **40.250.000,00** | **30.147.090,00** | **74,90** |

РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО 2024 И 2025 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Реализирано во 2024 година | Реализирано во 2025 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 4.483.821,00 | 0,00 | 0,00 |
| Приходи од членарина | 11.312.569,00 | 12.899.694,00 | 114,03 |
| Приходи од проекти | 3.701.764,00 | 4.558.075,00 | 123,13 |
| Приходи од обуки, извршени услуги , закуп и друго | 1.164.786,00 | 15.554.032,00 | 1.335,36 |
| Наплатени приходи од минати години (членарина) | 7.060.550,00 | 11.249.975,00 | 159,34 |
| Приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 668.159,00 | 623.966,00 | 93,39 |
| **Вкупно** | **28.391.649,00** | **44.885.742,00** | **158,09** |
| РАСХОДИ | Реализирано во 2024 година | Реализирано во 2025 година | % |
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 49.676,00 | 82.894,00 | 166,87 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 1.121.137,00 | 862.504,00 | 76,93 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет | 637.223,00 | 535.887,00 | 84,10 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 7.382.199,00 | 7.008.983,00 | 94,94 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 643.968,00 | 0,00 | 0,00 |
| Услуги за превоз | 31.920,00 | 40.096,00 | 125,61 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Трошоци за службени весници, огласи и објави | 95.015,00 | 65.567,00 | 69,01 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 1.269.152,00 | 1.545.641,00 | 121,79 |
| Регистрација на возила , премии за осигурување на опрема и возила | 144.858,00 | 123.130,00 | 85,00 |
| Банкарски трошоци | 51.612,00 | 51.979,00 | 100,71 |
| Интелектуални услуги и услуги за вработени (надокнада за експерти, услуги за ревизија ) | 410.673,00 | 203.857,00 | 49,64 |
| Трошоци за меѓународна соработка (членарина, котизација) | 715.618,00 | 615.487,00 | 86,01 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 33.014,00 | 341.261,00 | 1.033,69 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 14.716.149,00 | 17.027.772,00 | 115,71 |
| Набавка на опрема , опрема за ИКТ , софтверски апликации | 461.181,00 | 514.361,00 | 111,53 |
| Негативни курсни разлики, вратени средства од проекти | 628.254,00 | 1.127.671,00 | 179,49 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **28.391.649,00** | **30.147.090,00** | 106,18 |
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ** | **0,00** | **14.738.652,00** | |

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ПО ГОДИНИ ВО ПЕРИОД 2021-2025 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Реализирано во 2021 година | Реализирано во 2022 година | Реализирано во 2023 година | Реализирано во 2024 година | Реализирано во 2025 година |
|---|---|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 1.858.790,00 | 7.264.367,00 | 0,00 | 4.483.821,00 | 0,00 |
| Приходи од членарина од тековна година | 10.307.954,00 | 10.141.196,00 | 10.750.728,00 | 11.312.569,00 | 12.899.694,00 |
| Приходи од проекти | 1.868.408,00 | 1.240.538,00 | 3.734.093,00 | 3.701.764,00 | 4.558.075,00 |
| Приходи од обуки, извршени услуги , закуп и друго | 2.420.796,00 | 2.317.339,00 | 2.600.453,00 | 1.164.786,00 | 15.554.032,00 |
| Наплатени приходи од минати години (членарина) | 4.546.825,00 | 3.406.320,00 | 9.115.942,00 | 7.060.550,00 | 11.249.975,00 |
| Финансиски пригоди (приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба) | 631.212,00 | 894.235,00 | 460.251,00 | 668.159,00 | 623.966,00 |
| Вкупно | **21.633.985,00** | **25.263.995,00** | **26.661.467,00** | **28.391.649,00** | **44.885.742,00** |
| РАСХОДИ | Реализирано во 2021 година | Реализирано во 2022 година | Реализирано во 2023 година | Реализирано во 2024 година | Реализирано во 2025 година |
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 116.107,00 | 94.366,00 | 155.431,00 | 49.676,00 | 82.894,00 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода, друго) | 968.414,00 | 1.211.350,00 | 1.239.313,00 | 1.121.137,00 | 862.504,00 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет услуги | 674.923,00 | 546.803,00 | 613.932,00 | 637.223,00 | 535.887,00 |
| Трошоци за одржување на системот на е-услуги, услуги за сервис и поправки | 6.086.281,00 | 6.381.150,00 | 5.960.229,00 | 7.382.199,00 | 7.008.983,00 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 658.393,00 | 786.208,00 | 732.836,00 | 643.968,00 | |
| Услуги за превоз | 43.827,00 | 51.052,00 | 60.207,00 | 31.920,00 | 40.096,00 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 8.787,00 | 2.394,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 167.584,00 | 136.392,00 | 136.344,00 | 95.015,00 | 65.567,00 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување, опрема и храна) | 664.447,00 | 1.870.868,00 | 1.107.734,00 | 1.269.152,00 | 1.545.641,00 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 98.759,00 | 93.266,00 | 179.637,00 | 144.858,00 | 123.130,00 |
| Банкарски трошоци | 45.788,00 | 43.805,00 | 63.048,00 | 51.612,00 | 51.979,00 |
| Интелектуални услуги и услуги за вработени (надоknada за елаборати, експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги ) | 231.175,00 | 185.680,00 | 326.593,00 | 410.673,00 | 203.857,00 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 910.390,00 | 606.411,00 | 505.735,00 | 715.618,00 | 615.487,00 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 10.830,00 | 37754 | 478.582,00 | 33.014,00 | 341.261,00 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 10.694.099,00 | 12.683.831,00 | 14.044.404,00 | 14.716.149,00 | 17.027.772,00 |
| Набавка на опрема , опрема за симултан превод, ИКТ опрема , софтверски апликации, мебел, возило | 10.290,00 | 180.441,00 | 282.148,00 | 461.181,00 | 514.361,00 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики, административни такси | 243.891,00 | 347.080,00 | 540.767,00 | 246.160,00 | 939.296,00 |
| Дополнително утврдени трошоци од минати години,вратени средства од проект | 0,00 | 5.144,00 | 78.944,00 | 382.094,00 | 188.375,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **21.633.985,00** | **25.263.995,00** | **26.505.884,00** | **28.391.649,00** | **30.147.090,00** |
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ** | **0,00** | **0,00** | **155.583,00** | **0,00** | **14.738.652,00** |

**Скопје, април 2026 година**